РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за административни и општи работи

# СООПШТЕНИЕ

Општина Битола и ЈП Комуналец Битола, ги реализираат подготовките за успешно спроведување на акцијата „Ден на дрвото", оваа година збогатена со продолжен период на активности и можност за хортикултурно уредување на секој двор.

За таа цел ги повикуваме сите заинтересирани граѓани, кои сакаат да го разубават својот двор, урбана или месна заедница, во периодот од 07.11.2016 до 11.11.2016, да достават барање за бесплатни садници до РЕ „Јавно зеленило" при ЈП Комуналец (во близина на поранешен „Прогрес") или да се јават на телефонските броеви 047207400 или 047207422.

Со оваа акција предвидено е да бидат засадени 2500 садници на повеќе локации во урбаниот и руралниот дел на општината, а со тоа да се даде заеднички придонес на граѓаните и локалната самоуправа во грижата за здрава и чиста животна средина.

Битола, 07.11.2016 година.

Сектор за правно –
нормативни, административни и
општи работи

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 356 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk
www.bitola.gov.mk